Врз основа на член 36 став 1 точка 5 и точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 17 став 3 и член 26 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 октомври 2026 година, донесе

О Д Л У К А

за поништување на Јавен повик бр. 03/26 - делумно повторување на дополнување, за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор на Јавно претпријатие „Пазаришта" - Куманово

Член 1

Поради непријавени кандидати за целосно пополнување на надзорниот одбор на Јавното претпријатие "Пазаришта"– Куманово, јавниот повик бр. 03/26 – делумно повторување на дополнување за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор од областа на правните работи на Јавно претпријатие „Пазаришта"- Куманово, објавен на ден 29.09.2026 година на веб страницата на Општина Куманово и веб страницата на Јавното претпријатие „Пазаришта"– Куманово, се поништува.

Член 2

Повторувањето на јавниот повик за избор на 1 (еден) член на Надзорен одбор од областа на правните работи на Јавно претпријатие „Пазаришта" - Куманово, да се изврши во најбрз можен рок.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15380/19
29 октомври 2026 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Горгиевска